Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 74, 15 февруари 2012 година

февруари 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област економска геологија и лежишта на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ................................ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област подготовка на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........................................................................26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно - научната област експлоатација на слоевити лежишта и механика на карпи и тлото на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......................................................................................................34

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област експлоатација на неслоевити лежишта и длабинско дупчење на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .................................................52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област хидрологија/хидрогеологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..........................................................................71

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област транспортни и извозни постројки на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........................................................................83

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област минералогија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ............................................................................................92

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област хотелиерство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..........................................................................................105

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања во научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделскиот факутет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..........................................................................................116

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за збор на асистент за научната област микробиологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....129

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научна област клиничка психологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....134

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област методика на наставата по литература на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 139

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област органска хемиска технологија на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 144

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно научната област применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 149

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната областа деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 156

**РЕЦЕНЗИЈА** на Германско-македонски и македонско-германски речник од доц. д-р Толе Белчев и доц. д-р Билјана Ивановска, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 162

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Физичкото воспитание и образование кај деца од предучилишната и раната училишна возраст“ од авторот асистент д-р Билјана Попеска, Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 164

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Изработка на рударски простории“ од авторот асистент д-р Николинка Донева од Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 169

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата .... 171

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТА ДЕЛОВНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ -ШТИП**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на седницата одржана на 5.10.2011 г. година, формира Рецензентска комисија за избор на еден ***асистент*** за научната област ***деловно право*** на Правниот факултет во состав:

– д-р Љупчо Блажевски – вондреден професор,
– д-р Милан Илиевски – редовен професор,
– д-р Војо Беловски – вонреден професор.

Рецензентската комисија, по разгледување на приложените материјали и преземените активности, согласно со Законот за високото образование и актите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс, објавен во весникот „Дневник“ на 24.9.2011 година, за избор на еден асистент за научната област ***деловно право*** се пријавија следниве кандидати: м-р Владимир Митревски, Елена Минова, Верка Јованова и Ивана Крстова.

Врз основа на Законот за работните односи и Законот за високото образование на Република Македонија и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, како и други акти на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ги разледа пристигнатите документи и констатира дека кандидатот м-р Владимир Митревски ја доставил својата пријава со потребните документи во предвидениот рок, утврден во Конкуростт, и дека ги исполнува сите предвидени законски услови.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Владимир Митревски** е роден на 22 април 1979 година во Скопје, каде што завршува средно образование со одличен успех. Се запишува на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, каде што дипломирал во јуни 2000 година како втор по успех од својата генерација, со што се стекнува со звањето *дипломиран правник*.

Со академски степен магистер по правни науки од областа на деловното право на Европската унија се стекнува по завршувањето на постдипломсите магистерски студии на Правниот факултет во Амстердам, Холандија, во 2006 година и одбраната на магистерскиот труд на тема “*Fiscal Incentives – Threat to the Internal Market*“ во 2007 година.

Кандидатот има доставно диплома за завршени постдипломски магистерски студии, заверена одлука за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство издадена од Министерство за образование и наука на Република Македонија од 2008 година.

Во прилог на натамошно збогатување на своето знаење, кандидатот реализира две специјализации од областа на меѓународното трговско право на Универзитетот за Европски студии и интернационален тренинг центар “ILO” (International trade law postgraduate course) во Торино, Италија, во траење од три месеци во 2008 и 2009 година.

Во 2007 и 2008 година учествува на семинари од областа на меѓународното право во организација на Академијата за меѓународно право во Хаг, Холандија.

На Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во 2009 година му е прифатена изработка на докторска дисертација. По тој повод реализира научноистражувачки престој при Надворешно-трговска арбитража во Стопанската комора во Белград, во 2011 година.

Кандидатот активно зборува англиски и италијански јазик, како и јужнословенската група на јазици. Кандидатот има приложено TOFEL” сертификат за англиски јазик. Се служи со компјутерските програми Word, Excel, Windows и Интернет и др.

***Работно искуство***

Од март 2009 година кандидатот м-р Владимир Митревски ги извршува педагошките обврски како помлад асистент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Тој е вклучен во изведување на наставата и вежбите од прв циклус на правните студии и студиите по европско право.

Имено, кандидатот ги организира и совладува вежбите по предметите: Меѓународни трговски договори, Европско деловно право, Реторика, Криминалогија, а по потреби и дрги правни дисциплини. По овие предмети учествува во спроведување на испитите и колоквиумите и одржување консултации со студенти.

Во учебната 2009-2010 година, како докторанд, со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот, кандидатот е вклучен и во изведувањето на наставата по предметот Европско деловно право.

Своето работно искуство кандидатот м-р Владимир Митревски го започнува како студент-практикант во Собранието на Република Македонија. Во 2007 година станува член на Извршниот одбор на Македонски демократски форум (здружение на поранешни практиканти на Парламентот на Република Македонија). Има искуство како проектант-координатор.

Работел во нотарска канцеларија во Адвокатска комора во ОБСЕ. Имал ангажмани во комисии на Владата на Република Македонија. Во 2008 година бил претседател на Комисија за подготовка на годишна програма на Министерството за култура за организации од обласа на културата. Во 2009 година е член на Комисија за подготовка на годишна програма за инвестиционо и техничко одржување на објекти за култура и друго. На факултетот бил член на Комисија за прием на студенти во 2009 и 2010 година.

***Учество на семинари, конференции, конгреси и научноистражувачки престои***

- Мај 2011 година: учествува на Меѓународниот научен собир „XXI век - век услуга и услужног права" во организација на Инситутот за правни и општествени науки и Правниот факултет во Крагуевац.
- Април 2011 година: учествува на Меѓународна конференција за меѓународна трговска арбитража во организација на Правниот факултет во Белград.
- Октомври 2010 година: учествува на Меѓународна конференција “Uniform Sale Law Conference”, The CISG at its 30$^{th}$ Anniversary, Belgrade, 12-13.10.2010.
- Јули 2010 година: учесник на Хашката академија за меѓународно право, Хаг, Холандија (1-20 јуни 2007 година и 2-26 јули 2010 година).
- Октомври 2010 година: учество со труд на советувањето „Октобарски правнички дани на тема: Изградња и функционисање правног система", Бања Лука, 8 и 9 октомври 2010 година.
- Мај 2010 година: учество со труд на седмото мајско советување „Либерализам и заштита конкуренције" – Правен факултет и Институт за правни и општествени науки, Крагуевац.
- Ноември 2009 година учество на Turin international Post- graduate programmed Corporate strategies and Global Economic Crisis. FU Business Opportunities Moncaliere, Torino, ноември 2009 г.
- Април 2004 година; “Implications for the Future of international Commercial Arbitration. Conference organized by the Global Center for dispute resolution research, Permanent Court of Arbitration, UNCITRAL”, Хаг-Холандија.
- Јуни 2004 година; “International Arbitration, Conference organized by the Spanish Chamber of Commerce”, Мадрид, Шпанија.
- Мај 2005 година; “New tendencies in Trade Law”, Конференција организирана од Правниот факултет во Крагуевац.
- Јуни 2007 година; “Summer course on European Competition law, Academy of European law”, Трир, Германија.
- Јуни 2007 година; “Conference on Recent Developments in European company law, Academy of European law”, Тир, Германија.

- Јули 2007 година; "Summer Session of Private International Law; Hague Academy of International Law", Хаг, Холандија.
- Мај 2009 година; Работилница за креирање и управување со проекти "peace corps" Скопје, Македонија и др.

***Осврт на објавени трудови***

*„Осигурање у Републици Македонији и значај посредника за његову реализацију", XXI век услуга и услужног права; Зборник на реферати од Меѓународен научен собир, Крагуевац, 3 мај 2011 година, стр.227.*

Труд кој е презентиран на меѓународен научен собир, обработува една актуелна тема од областа на деловното право, односно осигурувањето како значајна дејност во стопанството и животот на правните и физичките лица. Во трудот е даден посебен осврт на правото во Република Македонија од оваа област во периодот по нејзиното осамостојување, особено по однос на усогласеноста со европските директиви и значењето на посредничката дејност во оваа сфера. Кандидатот во овој труд учествува како коавтор.

*„Право о заштити конкуренције у Републици Македонији, либерализам и заштита конкуренције", Зборник на реферати од Меѓународен научен собир, Крагуевац 2010 година, Крагуевац, стр.138.*

Во овој труд, кој кандидатот го презентираше на научен собир, се обработува една исклучително актуелна материја од областа на деловното право, која во современото стопанисување на правните субјекти добива исклучително значење. Трудот се состои од три дела во кои се обработени најновите текови на македонското конкурентско право кое отвора нови димензии за развој на институтите за заштита на конкуренцијата. Даден е осврт на органите за заштита на конкуренцијата, односно Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Македонија. Кандидатот во овој труд учествува како коавтор.

*„Посредовање и заступање у осигурању у праву Републике Македоније", Правна рјеч - часопис за правну теорију и праксу, Бања Лука, октомври 2011 година.*

Поѓајќи од динамиката на прометот на стоки, услуги и права, кандидатот кој е коавтор на овој труд, обработува една значајна дејност од современото деловно право – посредничката дејност. Во трудот е обработено нејзиното значење преку застапниците и посредниците во сферата на осигурувањето. Исто така се обработени македонските прописи од оваа сфера и е укажано на наивната усогласенот со правото на Европската унија и другите меѓународни правила и тенденции.

*„Комисија о заштити конкуренције као независни државни орган у праву Републике Македоније", Зборник радова „Право и услуге", Крагујевац 2012 (во подготовка).*

Како автор на овој труд дава најпрво општ осврт на законите од областа на заштитата на конкуренцијата во Република Македонија, по што следува определување на правниот статус на Комисијата за заштита на конкуренцијата како самостоен независен државен орган. Кандидатот ги обработува постапките пред Комисијата за заштита на конкуренцијата. Тој се залага во ова време на економски кризи кога се смета дека е оправдано да се отстапи од примена на правилата за конкуренција, сепак да се најдат можни мерки на државна интервенција со почитување на правила на конкуренција.

Пријавата на кандидатката м-р Верка Јованова, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следнава состојба:

***Биографски податоци***

Кадидатката **м-р Верка Јованова** е родена на 27 јануари 1982 година во Кавадарци, каде што завршува основно и средно образование. Своето образование го продолжува на Југозападниот универзитет „Неофит Рилски" во Благоевград на Правно-историскиот факултет, каде што во 2006 година се стекнува со професионална квалификација *магистер по правни науки*, со просечен успех од државни испити оценка 5,00 - многу добар и среден успех од испити 4,23 - добар (за што приложува незаверена Одлука за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство, но не приложува соодветна еквавиленција на оценките). Кадидатката, покрај бугарскиот јазик, го познава и англискиот јазик (за што не приложува диплома за познавање на странски јазик), а воедно

е и судски преведувач од македонски на бугарски јазик и обратно. Кадидатката поседува и компјутерски вештини. Волонтира две години во Основениот суд во Кавадарци, каде што исто така стекнува работен стаж од шест месеци во писарницата на истражното одделение. Кадидатката има еден и пол месец работен стаж во гимназијата „Добре Даскалов" во Кавадарци. Кандидатот нема приложено уверение за државјанство, нема доставено примерок од магистерскиот труд и нема доставено изјава – образец 1 од Комисијата за верификација на факти.

Согласно со Законот за високото образование на Р.Македонија, бидејќи има решение за нострификација на дипломата стекната во странство со која се стекнува со академско звање *магистер по право*, но нема работно искуство во високото образование, оваа кандидатка само делумно ги исполнува условите.

Пријавата на кандидатката м-р Елена Минова, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следната состојба:

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Елена Минова** е родена на 18 ноември 1986 година во Кочани, каде што завршува средно образование. По завршувањето на средното образование, во 2005 год. се запишува на додипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, каде што дипломира во 2008 година со просечен успех 8,23 (за што не е приложено уверение за положени испити - прв циклус). По дипломирањето, во 2008 год. се запишува на постдипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на Правосудна насока, модул Казнено право. По одбраната на својот магистерски труд под наслов „*Казнено-правни аспекти на недозволена миграција*" во 2011 година се стекнува со професионална квалификација *магистер по право* со просечен успех од втор циклус на студии 9,25. Поседува компјутерски вештини и го владее англискиот јазик (за што нема приложено соодветна диплома). Нема приложено примерок од магистерскиот труд и нема доставено изјава – образец 1 од Комисијата за верификација на факти.

Кандидатката м-р Елена Минова нема работно искуство во високото образование, поради што не ги исполнува во целост условите согласно со Законот за високото образование за избор во соработничко звање според објавениот Конкурс.

Пријавата на кандидатката м-р Ивана Крстова, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следнава состојба:

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Ивана Крстова** е родена на 27 декември 1986 година во Кочани, а средно образование завршува во Виница. По завршувањето на средното образование, во 2005 год. се запишува на додипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. каде што дипломира во 2008 година (за што не е приложено уверение за положени испити - прв циклус). По дипломирањето, во 2008 год. се запишува на постдипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на студии по деловно право. По одбраната на својот магистерски труд под наслов „*Утврдување на цените на недвижностите*" во 2011 година се стекнува со професионална квалификација *магистер по право од областа,* насока Деловно право (за што нема приложено соодветна диплома).

Кандидатката м-р Ивана Крстова нема работно искуство во високото образование, поради што не ги исполнува во целост условите согласно со Законот за високото образование за избор во соработничко звање според објавениот Конкурс.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата со внимание ја разгледа пријавата на кандидатот и направи преглед на неговиот успех и постигнувања.

Комисијата ги анализираше референците на кандидатот, согласно со Законот за високото образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип и констатира дека кандидатот м-р Владимир Митревски ги исполнува сите услови за избор во звање асистент на научната област деловно право.

Кандидатот има завршено академски студии од втор циклус од соодветното научно подрачје. Тој е магистар на научната област *деловно право*. Притоа, забележителна е континуираната заложба на кандидатот за научно доусовршување на меѓународни и домашни курсеви и семинари организирани од реномирани универзитети, како и презентирање на стручно-научни согледувања во домашни и странски институции.

Кандидатот има работно искуство о во повеќе институции, а последните три години работи како помлад асистент на факултетот каде што сега конкурира за звањето асистент.

Наведените трудови на кандидатот се посветени на теми поврзани со најактуелните прашања од областа на деловното право и се објавени во зборници на реферати од научни и стручни меѓународни собири.

Кандидатот како помлад асистент има успешна педагошка активност и крајно ангажиран позитивен однос кон студентите во совладувањето на материјата, како и одговорен и професионален однос во извршувањето на сите останати обврски во рамките на неговите активности како помлад асистент.

Кандидатот има остварено повеќе поени од минималниот износ предвиден со прописите за избор за асистент - 25 поени. Тој има вкупно 65 поени кои се однесуваат на целокупната наставно-образовна, тимска, односно научноистражувачка работа.

Поради наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип **да го избере м-р Владимир Митревски во звање асистент за научната област *деловно право*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Љупчо Блажевски – вондреден професор, с.р.**
**Д-р Милан Илиевски – редовен професор, с.р.**
**Д-р Војо Беловски – вонреден професор**, с.р.

**Во прилог следува табела за активности на предложениот кандидат.**
**Табела за активности при избор во звање асистент за Владимир Митревски**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјава | |
| 1. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 10<br>10<br>5 | |
| 2. | Член на Комисија на студентски натпревари | 0,5 | |
| | **Вкупно** | **25,5** | |

| Ред. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјата | Во странство |
| 1. | Учество на научен собер со реферат во странство (усно) | | 1,5 |
| 2. | Студиски престој во странство | | 8 |
| | **Вкупно** | **9,5** | |

| Ред. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјава | Во странство |
| 1. | Труд во стручно (научнопопуларно) списание | | 12 |
| 2. | Член на владини тела | 10 | |
| 3. | Член на универзитетски орган, комисија | 8 | |
| | **Вкупно** | **30** | |

| **Вкупно** | **65 поени** |
|---|---|